# Упатство за активирање

# GLEY пакет

## преку Македонски Телеком

**Уживајте во содржините од понудата на GLEY**
**на вашиот телевизор преку MAGENTA TV**

Доколку сѐ уште го немате активирано **GLEY** пакетот како дел од вашата Телеком претплата, тоа можете да го направите на два начина:

- Преку **MagentaTV приемникот** (MagentaTV Box), или
- Преку **мобилната апликација Telekom MK.**

Ви препорачуваме активирање преку MagentaTV Box, како најбрз и наједноставен начин, со помош на MagentaTV далечинскиот управувач.




На почетниот екран на MagentaTV – **ДОМА**, од главното мени најгоре на екранот, одберете ја категоријата **АКТИВИРАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ТВ ПАКЕТИ (**иконата )




На екранот, во долниот дел ќе ви се покажат сите веќе активни дополнителни пакети. Кликнете на копчето **ОДБЕРЕТЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН ТВ ПАКЕТ** во горниот дел од екранот.

# Одберете ТВ пакет којшто сакате да го активирате




Во листата пронајдете го и одберете го **пакетот Gley** и потврдете го активирањето.




По кликање на копчето **ПРИФАТЕТЕ И ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ**, во горниот дел од екранот ќе се појави порака како потврда за успешно активирање на ТВ пакетот GLEY.

## УПРАВУВАЈТЕ СО ДОПОЛНИТЕЛНИ ТВ ПАКЕТИ

!!! Барањето за активирање се обработува. Ве молиме почекајте да заврши обработката.
Откако пакетот ќе се прикаже во листата на активни пакети подолу, за побрзо да Ви бидат достапни каналите, рестартирајте го MagentaTV приемникот преку далечинскиот управувач со долго притискање на копчето за исклучување.

## ПОГЛЕДНЕТЕ ГИ ДОСТАПНИТЕ ТВ ПАКЕТИ

Одберете дополнителен ТВ пакет

## АКТИВНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ ТВ ПАКЕТИ

| | | |
|---|---|---|
| Magenta - ТВ пакет Прва микс+ | Видете детали | Деактивирај |
| Max Alb | Видете детали | Деактивирај |

За целосно активирање на пакетот во системите потребно е кратко време. Процесот е завршен откако пакетот Gley ќе се појави во листата на веќе активни дополнителни ТВ пакети.
Во меѓувреме може да продолжиме со регистрација на платформата Gley.mk

## Регистрирање корисничка сметка на GLEY.mk

За да регистрирате сопствена бесплатна корисничка сметка на Gley, потребно е да ја посетите страницата www.gley.mk

Тоа може да го направите преку веб пребарувач на вашиот компјутер или лаптоп или преку пребарувач на мобилниот телефон, како што е прикажано во продолжение.




Посетете ја страницата www.gley.mk и на почетниот екран одберете **РЕГИСТРАЦИЈА.**




На следниот екран пополнете ги бараните податоци. Внимавајте да внесете точна адреса за вашата електронска пошта, на која ќе добиете порака за потврда на регистрацијата.

Означете ги полињата за прифаќање на општите услови, заштита на приватност и колачиња, и потврдете со притискање на копчето **ПРИЈАВЕТЕ СЕ**.




Ќе добиете информација дека треба да ја потврдите вашата е-пошта. Отворете ја апликацијата која ја користите за пристап до вашата е-пошта, отворете ја пораката која ја добивте од Gley и кликнете на копчето **ПОТВРДИ.**

Со ова, регистрирањето на вашата корисничка сметка на Gley е завршено. Немате обврска за дополнително плаќање, бидејќи услугата веќе ја активиравте преку Телеком. Сега е потребно само да ги поврзете Gley сметката и Gley ТВ пакетот активиран преку Телеком.




Откако ќе кликнете на копчето за потврда во електронската порака која ја добивте од Gley, потребно е да се најавите на GLEY преку пребарувач во мобилниот телефон, да ги внесете корисничкото име и лозинката кои ги внесовте при регистрацијата и да кликнете на копчето **НАЈАВЕТЕ СЕ**.







На следниот екран, за начин на активација на пакет, одберете **ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ОПЕРАТОР** и следно, одберете го операторот **МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ**.







Внесете го фиксниот телефонски број на кој, преку MagentaTV, веќе го активиравте GLEY дополнителнот пакет. Внесете го конто бројот од вашата сметка или единствениот матичен број на сопственикот на претплатничкиот договор со Македонски Телеком, кликнете **АКТИВИРАЈ** и поврзувањето автоматски ќе се реализира. Сега останува само да го поврзете MagentaTV Box-от со вашата GLEY сметка. Тука повторно се враќате на MagentaTV Box.

## **Поврзување на MagentaTV Box со вашата корисничка GLEY сметка**

За да се најавите на **Gley** преку **MagentaTV** потребно е да ги имате поминато чекорите од упатството досега, односно да сте веќе регистрирани и најавени со вашето корисничко име и лозинка на **www.gley.mk**




На почетната страница на MagentaTV - **ДОМА**, во главното мени горе на екранот, одберете **АПЛИКАЦИИ.**




Пронајдете ја апликацијата **Gley** и кликнете ја.
Доколку ја немате во листата апликации, презимете ја преку **Google Play Store.**




На почетниот екран на Gley, одберете **АКТИВИРАЈТЕ ГО УРЕДОТ**.




За поврзување имате две опции: со внесување корисничко име и лозинка или преку логирање со активациски код.
Кај првиот начин, го внесувате вашето корисничко име и лозинка (истите што ги користевте при регистрацијата на www.gley.mk), кликате **ЛОГИРАЈТЕ СЕ** и активирањето на вашиот уред е завршено.







Кај вториот начин на активирање, преку активациски код, вратете се повторно на www.gley.mk и одберете **АКТИВИРАЈ ТВ УРЕД**. Внесете го кодот кој го добивте во апликацијата Gley преку **MagentaTV**, кликнете **АКТИВИРАЈ** и вашиот **MagentaTV Box** е поврзан со вашата **Gley сметка.** Сега можете да уживате во богатата понуда на локални, регионални, детски и филмски хитови во вашиот дом, кога сакате.

Уживајте со **MagentaTV** и **Gley**!